Врз основа на член 13 од Статутот на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија, Собранието на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија на 31.03.2023 година во Скопје, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА
# ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ВЕТЕРИНАРНАТА КОМОРА НА
# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Општи одредби

### член 1

Со Правилникот за членство во Ветеринарната комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Правилникот), се уредува начинот на упис и регистрација на членовите во Ветеринарната комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората),видови членство, начинот на мирување и престанок на членството.

## Упис и регистрација на членови во Комората

### член 2

Докторите по ветеринарна медицина стекнуваат членство во Комора со поднесување пријава за упис во Регистарот на доктори по ветеринарната медицина и со доставување на докази за исполнување на следните услови:

- завршен факултет за ветеринарна медицина;
- државјанство на Република Северна Македонија;
- уплата за упис во регистар на доктори по ветеринарна медицина и
- уплата на членарина за тековна година.

Висината на надоместокот за упис во регистарот на доктори по ветеринарна медицина ја утврдува Извршниот одбор на Комората.

Образецот на пријавата за упис во Регистарот од ставот 1 на овој член е составен дел на овој правилник (Образец бр. 1).

### член 3

Членовите на Комората се должни да ги пријават сите промени кои се важни за регистрација во евиденцијата, како и други важни факти потребни за работата на Комората во рок од 15 дена од денот на нивното настанување.

## Видови членство

### член 4

Членството во Комората може да биде задолжително, факултативно и почесно.

**член 5**

Членството во Комората е задолжително за сите доктори по ветеринарна медицина кои вршат ветеринарна дејност во Република Северна Македонија.

Членството во Комората е факултативно за доктори по ветеринарна медицина кои не вршат ветеринарна дејност во потесна смисла, и тоа: вработени во јавен сектор за кои не е пропишано со закон дека треба да поседуваат лиценца за работа, невработени лица, пензионери и друго.

Почесен член на Комората може да бидат секој граѓанин на Република Северна Македонија, како и странски државјанин, кој придонел за ветеринарната професија или на друг начин придонел во работата на Комората.

**член 6**

Членовите на Комората имаат обврска редовно да плаќаат годишна членарина, најдоцна до крајот на месец февруари за тековната година.

Почесните членовите од член 5 став 3 од овој правилник, немаат обврска да плаќаат членарина.

Висината на членарината ја определува Собранието на Комората.

**Мирување на членство во Комората**

**член 7**

Членството на докторот по ветринарна медицина во Комората, може да мирува во следните случаи:

- кога му е изречена санкција времена забрана за вршење на професија, должност или дејност, во времетраење колку што му е изречена санкцијата;
- на негово лично барање поради: невработеност, извршување на јавна функција, долготраен престој во странство и во други случаи.

За време на мирување на членството во Комората, докторот по ветеринарна медицина не смее да ја користи лиценцата за работа, легитимацијата и факсимилот издаден од Комората и истите ги доставува на Комората на чување.

**член 8**

За мирување на членството во Комората, одлучува Извршниот директор на Комората со решение, по претходно доставено барање од докторот по ветеринарна медицина.

Со решението за мирување се определува и износот што треба да се плати на име заостанат долг (членарина), доколку постои.

Образецот на барањето за мирување на членството од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник (Образец бр. 2).

Против решението од став 1 на овој член, докторот по ветеринарна медицина има право на жалба до Извршниот одбор на Комората во рок од 15 дена од приемот на решението.

**член 9**

Докторот по ветеринарна медицина кој го ставил во мирување членството во Комората му мируваат правата и обврските кои произлегуваат од Статутот и другите акти на Комората, освен да бидат информирани за работи од професионален интерес и да учествувуваат на едукативни настани.

**член 10**

За повторно активирање на членството во Комората, докторот по ветеринарна медицина поднесува барање за активирање на членството со приложување на доказ дека нема забрана за вршење на професија, должност или дејност.

За повторно активирање на членството во Комората, одлучува Извршниот директор со решение.

Против решението од став 2 на овој член, докторот по ветеринарна медицина има право на жалба до Извршниот одбор на Комората во рок од 15 дена од приемот на решението.

Член кој го активирал своето членство, мора да помине најмалку пет години за да може повторно да го промени статусот.

**Престанок на членство**

**Член 11**

На докторот по ветеринарна медицина ќе му престане членството во Комората во следните случаи:

- по сопствено барање,
- со исклучување кога не ги исполнува обврските пропишани со Статутот на Комората,
- со смрт,
- во други ситуации пропишани со закон.

Обврските од став 1 алинеја 2 на овој член, поради кои може да престане членството во Комората е последователно неплаќање две годишни членарини.

**член 12**

Престанокот на членството го утврдува Извршниот директор на Комората со носење на решение.

Против решението од став 1 на овој член, докторот по ветеринарна медицина има право на жалба до Извршниот одбор на Комората, во род од 15 дена од приемот на решението.

Докторот по ветеринарна медицина на кој му престанало членството, е должен во рок од 8 дена од приемот на решението, во Комората да ја врати лиценцата за работа, легитимацијата и факсимилот.

**Член 13**

Докторот по ветеринарна медицина кој е исклучен поради неплаќање на членарини, има право повторно да стане член на Комората, под услов да го доисплати неплатениот долг кон Комората и да плати уписнина во износ, кој го утврдува Извршниот одбор на Комората.

**Завршни одредби**

**член 14**

Комората ќе изврши усогласување со овој Правилник во рок од 6 (шест) месеци од денот на донесување.

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА РСМ**
Д-р Жарко Михајлоски

Бр. 02-89/8
31.03.2023 година
Скопје

Образец бр.1

(Место за меморандум)

**П Р И Ј А В А**

**за упис во регистарот на доктори по ветеринарна медицина**

1. **Име** ____________________________________________________________________
2. **Татково име** _______________________________________________________________
3. **Презиме** __________________________________________________________________
4. **Ден, месец и година на раѓање** __________________________________________
5. **Место на раѓање** ___________________________________________________________
6. **Пол** ____________________________________________________________________
7. **Државјанство** ______________________________________________________________
8. **Националност** ______________________________________________________________
9. **ЕМБГ** __________________________________________________________________
10. **Адреса на постојано живеење** _________________________________________________
11. **Адреса на привремено живеење** _______________________________________________
12. **Контакт - тел.:** ________________________________________________________

    **- e-mail** ________________________________________________________________

**За странски државјани:**

Бр. на валидна патна исправа_________________________________________

Издадена од ___________________________________________________________

**13. Име на факултетот/универзитетот** ____________________________________________

**14. Место на факултет** ____________________________________________________________

**15. Датум на дипломирање** _____________________________________________________

**Доктори по ветеринарна медицина со дипломи стекнати во странство:**

нострификација на диплома во/на __________________ датум _________________

каде е издадена основната лиценца: држава ________________________ комора

**16. Специјализација (област)** ___________________________________________________

**17. Магистериум (област)** _______________________________________________________

**18. Докторат (областа)**_____________________________________________________________

**19. Научно, наставно и стручно звање**_____________________________________________

**20. Познавање на странски јазици** ______________________________________________

**21. Работен статус** ___________________________________________________________

**22. Податоци за вработување** __________________________________________________

Со поднесување на оваа пријава, поднесувам докази за:

- завршен факултет за ветеринарна медицина
- државјанство на Република Северна Македонија
- уплата за упис во регистар на доктори по ветеринарна медицина во износ од 1000 денари и
- уплата на членарина за тековна година во износ од 1800 денари

Подноститeл на пријава　　　　　　　　　　　　Одобрил

________________________　　　　　　　　　　________________________

Секретар на Ветеринарна
комора на РСМ

**И З Ј А В А**

**Јас __________________________________________________________________________**

**Се согласувам да сум член на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија и редовно да ја уплаќам членарината во износ од 1800 денари, секој февруари во годината.**

**Напомена**:

- Личните податоци наведени во пријавата задолжително се пополнуваат, во спротивно докторот по ветеринарна медицина сам ги сноси последиците кои произлегуваат од соодветни законски прописи.
- За веродостојноста на податоците во пријавата подносителот сноси одговорност согласно позитивните законски прописи.
- Докторите по ветеринарна медицина се должни да ги пријават сите промени на податоци што ги наведуваат во пријавата во рок од 15 дена од настанатата промена. Податоците наведени во пријавата ќе се користат за Регистарот на членови на Ветеринарната комора и Ветеринарно информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство.
- Субјектот на личните податоци има право да бара од контролорот личните податоци да ги дополни, измени, избрише или да го сопре користењето на податоци, ако податоците нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не е во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

Датум                                                            Подносител на пријавата

__________________                                        _______________________________

(Место за меморандум)

**Б А Р А Њ Е**
**за мирување на членството во Ветеринарната комора на РСМ**

**Име и презиме** ________________________________________________________

**Адреса на живеење** ____________________________________________________

**Број на лиценца** ________________

**ЕМБГ** _________________________

**Телефон** _______________________ **Е-пошта:**___________________________

**Барам членството во Комората да ми биде во мирување поради следната причина:**

______________________________________________________________________________________

_________________________________________________________________

**Во прилог доставувам документи со кои го поткрепувам своето барање:**

______________________________________________________________________________________

_________________________________________________________________

**Пред пополнување на ова барање, го прочитав и сум согласен/согласна со одредбите од Правилникот за членство во Ветеринарната комора на Република Северна Македонија.**

**Со пополнување на ова барање, изјавувам дека сум согласен/согласна да ги доставам лиценцата за работа, легитимацијата и факсимилот на чување во Комората.**

Датум　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　Барател

___________________　　　　　　　　　　　　____________________